**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО*

**II година**

## *УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

## *Хотелско-туристички техничар*

**Скопје, 2006 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО
**1.2. Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: хотелско-туристички техничар
1.2.2. Струка: угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно**: 2 часа
**1.5.2. Број на часови годишно**: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***културно- историско наследство*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да го познава светското културно-историско наследство во стариот век;
- да го познава културното историско-наследство во средниот век;
- да го објаснува културно-историското наследство од епохата на раната и високата ренесанса;
- да ги идентификува карактеристики на барокот и рококо уметноста;
- да ги разликува специфичностите на културно-историското наследсво од XIX и XX век;
- да го познава културно историското-наследство на далечен исток и Јужна Америка и да ги опишува главните карактеристики;
- да негува чувство кон светското кулурно наследство и естетските вредности.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За совладување на содржините од предметот културно-историско наследство потребно е учениците да поседуваат претходни знаења од областа на ликовната уметност, мајчин јазик и литература со комуникации, општа и национална историја, туристичка географија, музичка уметност.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часо-ви | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. СВЕТСКОТО КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО** | **4** | Ученикот:<br>- да го сфаќа значењето на културно-историското наследство за развојот на човековата цивилизација;<br>- да ги познава подрачјата од светската културна ризница (ликовна уметност, археологија, книжевност и музичка уметност). | - Опишување на поимот светско културно-историско наследство;<br>- демонстрирање на репродукции, слајдови, цртежи при што се истакнува богатата содржина на ова наследство. | - Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Историја |
| **2. СТАР ВЕК** | **12** | - Да ги објаснува карактеристиките и специфичностите на уметноста во првобитната заедница;<br>- да ги разликува локалитетите во камено, бронзено и железно време;<br>- да го познава културно-историското наследство во Месопотамија и Египет (сликарство, архитектура, храмови, гробници, пирамиди); | - Објаснување на целокупното културно-историско наследство од првобитното општество и во Месопотамија, Египет, Грција, Рим;<br>- демонстрирање слики, цртежи, видеофилмови, ЦД ромови и Интернет пребарувања од стариот век; | - Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Историја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги сфати карактеристиките на културно-историското наследство во Месопотамија и Египет;<br>- да ги сфаќа карактеристиките на егејската уметност  во Крит и Микена (религија,  литература, извори, тврдини, керамика, мозаик, статии, предмети и сл.);<br>- да ги опишува карактеристиките на културно-историското наследство во Стара Грција (уметност, литературни извори, филозофија, религија, архитектура, вајарство, храмови, мозаици, керамика, накит, музика и сл.);<br>- да ги разбира карактеристиките на етрурското и римското културно - историско наследство (ликовна уметност, вајарство, религија, книжевност, храмови, гробници, саркофази, мозаици, филозофија, архитектураи музика). | - посети на музеи, ликовни галерии;<br>- дискусија и анализа врз база  на гледани филмови, ЦД- роми и др. | |
| **3. СРЕДЕН ВЕК** | **10** | - Да ги познава карактеристиките на старохристијанската и византиската култура, архитектура, вајарство, сликарство (храмови, цркви, базилики, катакомби, фрески, икони, мозаици); | - Објаснување за светското културно-историско наследство во средниот век;<br>- демонстрирање на слики, цртежи, видеофилмови  на | - Историја<br>- Мајчин јазик и литература со комуникации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги споредува карактеристиките на средновековното културно-историско наследство во Западна Европа - романска и готска уметност (архитектура, вајарство, сликарство, витраж, таписерија, катедрали, книжевност и музика);<br>- да ги идентификува карактеристиките на културно-историското наследство во Русија (архитектура, сликарство, цркви, фрески, мозаици и икони);<br>- да разликува карактеристиките на исламскотото културно-историско наследство (архитектура, сликарство, џамии, медреси, турбиња, минаре, сараи, ракописи, музика и сл.). | одделни вредности од средниот век;<br>- организирње посети на музеи на културно-историски знаменитости за овој период. | |
| **4. РЕНЕСАНСА** | **18** | - Да ги сфати карактеристиките и специфичностите на ова наследство во ренесансата;<br>- да ги познава поважните претставници и вредности од областа на сликарството, архитектурата, науката, литературата, религијата, филозофијата. | - Опишување на културно-историското наследство во времето на ренесансата, посебно се потенцираат неговите карактеристики и специ-фичности;<br>- демонстрирање на слики, цртежи, репродукции и на одделни уметнички вредности од | - Историја<br>- Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ренесансата;<br>- посети на музеи и други културно-историски знаменитости. | |
| **5. БАРОК И РОКОКО** | **6** | - Да ги објаснува карактеристиките на барокната и рококо уметноста;<br>- да ги познава формите, стиловите на барокот и рококо уметноста во одделни земји (Италија, Франција, Германија, Англија);<br>- да ги познава најзначајни претставници и вредности од областа на сликарството, архитектурата, книжевноста и музиката. | - Дискутирање за карактеристиките на барокот и рококо уметноста;<br>- демонстрирање слики, репродукции, цртежи, филмови и дијафилмови;<br>- анализирање слики, репродукции, цртежи, филмови од барокот и рококо;<br>- посети на музеи и други културно-историски знаменитости. | - Историја<br>- Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Агенциско работење<br>- Практична настава |
| **6. ЕВРОПСКА УМЕТНОСТ ВО XIX ВЕК** | **8** | - Да ги сфати карактеристиките на класицизмот, романтизмот, реализмот и импресионизмот и нивното влијание;<br>- да го објаснува неговиот израз во сликарството, книжевноста, музичката уметност, архитектурата, вајарството, филозофијата. | - Објаснување на карактеристиките на ова наследство во Европа;<br>- демонстрирање слики, репродукции, цртежи, филмови и дијафилмови. | - Општа историја<br>- Ликовна уметност<br>- Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. МОДЕРНАТА УМЕТНОСТ ВО XX ВЕК** | **10** | - Да ги сфаќа карактеристиките на модерната уметност посебно за правците: неоимпресионизам, постимпресионизам, модерна скулптура, симболизам, експресионизам, кубизам, футуризам, реализам и концептуализам;<br>- да ги познава најважните претставници на модерната уметност. | - Објаснување за културно-историското наследство во XX век, посебно разните правци во модерната уметност;<br>- демонстрирање на одделни вредности од овој период;<br>- посети во музеи и други историски знаменитости. | - Историја<br>- Мајчин јазик и литература со комуникации<br>- Практична настава |
| **8. УМЕТНОСТА НА ДАЛЕЧНИОТ ИСТОК И ЈУЖНА АМЕРИКА** | **4** | - Да ги идентификува карактеристиките на културно-историското наследство во Индија и во Јужна Америка;<br>- да ги препознава најважните претставници на културно-историското наследство во Индија и во Јужна Америка;<br>- да го сфаќа културно-историското наследство во различни области (сликарство, архитектура, книжевност, филозофија, религија и музика). | - Дефинирање на ова наследство со посебно нагласување на неговите карактеристики;<br>- демонстрирање на разни вредности од уметноста во далечниот исток и Јужна Америка;<br>- посети на музеи и други културно-историски знаменитости. | - Историја<br>- Мајчин јазик со литература со комуникации<br>- Практична настава |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно целите на наставната програма по ***културн- историско наследство*** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тандем и/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, изработка на проектни задачи, правење постери на дадена тема, изработување домашни задачи, илустрирање и друго.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет ***културно- историско наследство*** се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, правење проектни задачи од дадена тема, гледање на ЦД-роми преку организирање посети на музеи, галерии и други културно историски знаменитости. Непосредната поврзаност на содржините помеѓу наставните програми по ***културно- историско наследство*** и наставните предмети: историја, туристичка географија, мајчин јазик и агенциско работење неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, ЦД-роми, каталози, слики, проспекти, стручни списанија и други наставни средства и помагала предидени според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

За успешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења или други форми како изготвување реферати и писмени извештаи, концепти и проекти, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***културно- историско наследство*** треба да ги поседува следните индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- ликовна уметност;
- археологија;
- историја;
- архитектура;

- туризам и угостителство;
- историја на уметноста;

со положен стручен испит и педагошко-психолошка и методска подготовка.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат преку овој предмет, потребно е наставата да се реализира во училиштен кабинет за ликовна уметност, со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот за наставен простор и опрема за угостителско-туристичката струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. м-р Киро Петров, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Стојан Котев, професор на Филозофскиот факултет - Скопје
3. Глигор Васков, наставник во ДСУТУ”Лазар Танев” - Скопје
4. Светлана Стојчева, стручен соработник при Бирото за развој на образованието - Скопје

**7.3. Датум на ревидирање:** мај 2006

**7.4. Состав на работната група за ревидирање на програмата:**

1. Чедомир Димовски, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Глигор Васков, наставник во ДСУТУ”Лазар Танев” - Скопје
3. Претставници на социјалните партнери, универзитетите и училиштата

**8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

**Датум на започнување**: 01.09. 2006 година

**9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програмата по ***културно-историско наследство***, ја одобри министерот за образование и наука со решение број 07 - 3851/20 од 29.06.2006 година.